# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 116** **5 мај 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1557. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба............. | **2** |
| 1558. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба............................ | **3** |
| 1559. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба............. | **3** |
| 1560. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба............. | **4** |
| 1561. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба.......... | **5** |
| 1562. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба............. | **9** |
| 1563. | **Одлука** за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел......................................... | **9** |
| 1564. | **Одлука** за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2019 година.... | **10** |
| 1565. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Македонска опера и балет - Скопје.................................... | **10** |
| 1566. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи................................................ | **10** |
| 1567. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Виница................. | **10** |

Стр.
1568. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Дирекција за заштита и спасување.................................................... 11
1569. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Шуто Оризари...... 11
1570. **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – доломити и доломитизирани варовници на локалитетот „Бигор Доленици“, Општина Кичево................................ 11
1571. **Одлука** за начинот на уплата на средства на сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19.... 11
1572. **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „с. Чегране - Гостивар“, Општина Гостивар......... 12
1573. **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на железо на локалитетот „Тајмиште“, Општина Кичево................. 12
1574. **Одлука** за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк.. 13
1575. **Одлука** за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта........... 13
Стр.
1576. **Одлука** за остапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Кичево................................ 13
1577. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија.......................... 14
1578. **Одлука** за избор на судија на Апелационен суд Скопје.......................... 14
1579. **Одлука** за избор на судија на Апелационен суд Скопје.......................... 14
1580. **Одлука** за изменување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Северна Македонија.................................... 14
1581. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик 15
1582. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот...................................... 15
1583. **Правилник** за измена на Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови...... 15

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1557.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), во член 1 во ставот 2 по зборот „училиштата“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „учениците“ се додаваат зборовите:

„за продолжување на роковите за објавување јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар на акредитираните здруженија на наставници, за запишување на децата во прво одделение во основно училиште, за продолжување на мандатот на органите за управување и раководење со основните училишта и за бројот на наставните денови“.

Член 2

По членот 3 се додаваат четири нови члена 3-а, 3-б, 3-в и 3-г, кои гласат:

„Член 3-а

Рокот утврден во член 45 став 6 од Законот за основното образование, за објавување јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на најмногу шест ученици и најмногу три ментори на еден меѓународен натпревар по барање на акредитираните здруженија на наставници во текот на една година, кој е истечен за време на траење на вонредната состојба, се продолжува за две недели од денот на престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 3-б

Запишувањето на децата во прво одделение во основно училиште за учебната 2020/2021 година, ќе се реализира во месец јуни, а за запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето, најдоцна до 15 јули 2020 година.

За незапишувањето, односно за неподготвеноста на детето за тргнување во основно училиште, комисијата за запишување на детето во училиштето е должна писмено да го извести родителот, односно старателот најдоцна до 15 јули 2020 година.

Основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината или државниот просветен инспектор во општините каде нема овластен просветен инспектор, за децата кои не се запишани во прво одделение до 20 јули 2020 година.

Член 3-в

Мандатот на органите на управување и раководење, кој истекол или истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба и за 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Основното училиште постапката за избор на органите од ставот 1 на овој член, ќе ја започне, а за започнатите, ќе ја продолжи, во рок од 30 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 3-г

Во учебната 2019/2020 година наставата се остварува во најмалку 160 до најмногу 180 наставни денови, а наставната година во основните училишта ќе заврши на 10 јуни 2020 година, преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација."

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3479/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1558.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), ќе се применува за времетраење на вонредната состојба во Република Северна Македонија, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на работниот однос на наставниците кои засновале работен однос до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба, без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, за времетраење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Наставниците кои до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба засновале работен однос во училиштата без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, најмногу до три месеци, со обезбедена согласност од градоначалникот на општината за општинските училишта, градоначалникот на град Скопје за средните училишта на град Скопје, односно министерот за државните училишта, им се продолжува работниот однос за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба, до завршувањето на учебната 2019/2020 година.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3480/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1559.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), во член 1 во ставот 2 зборовите „како и " се заменуваат со зборовите „условите за упис на високообразовните установи во Република Северна Македонија во академската 2020/2021 година на прв цилус на академски и стручни студии, како и на академски студии од области на уметностите во однос на положена државна или меѓународна матура и завршено средно образование", а по зборовите „реакредитации на студиските програми" се додаваат зборовите „и решенијата за почеток со работа на студиските програми, како и за продолжување на роковите за донесување на актите кои се во надлежност на Агенцијата за квалитет во високото образование."

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Роковите за важење на акредитацијата, односно реакредитацијата на постојните студиските програми на сите три циклуси на високото образование, вклучувајќи ги и решенијата за почеток со работа за овие студиски програми, чија важност престанала во академската 2019/2020 година, продолжуваат да важат најмногу до крајот на академската 2020/2021 година.

Роковите за донесување на решение за акредитација, односно решение за почеток со работа за нова студиска програма, односно високообразовна установа, се продолжуваат за три месеци по престанување на траењето на вонредната состојба."

Член 3

По членот 4 се додаваат два нови члена 4-а и 4-б кои гласат:

„Член 4-а

Роковите за донесување на актите, предвидени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а кои се во надлежност на донесување од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, односно органите на Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование, се продолжуваат најмногу за три месеци по престанување на траење на вонредната состојба.

Член 4-б

Во академската 2020/2021 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, може да се запише и лице кое се стекнало со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.“

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3701/1<br>5 мај 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1560.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/20) во член 1 во ставот 2 по зборовите „вонредната состојба,“ се додаваат зборовите “за рокот за спроведување на јавна презентација на урбанистички план, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација како и за поставување на ред и дисциплина при влез, во внатрешноста и при излез од објектите и просториите на општините односно општините во градот Скопје, каде се одржува јавната презентација и јавната анкета за урбанистички план, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, за време на траењето на вонредната состојба“.

Член 2

По членот 2 се додаваат два нови члена 2-а и 2-б кои гласат:

„Член 2-а

Рокот за спроведување на јавна презентација на урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација, за време на траењето на вонредната состојба, може да трае и подолго од еден работен ден, но не подолго од рокот кој е утврден за спроведување на јавната анкета за урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација.“

Член 2-б

Општините односно општините во градот Скопје надлежни за спроведување на јавната презентација и јавната анкета за урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација се должни да обезбедат редарска служба при влезот и излезот во просториите во кои се одржува јавната презентација и јавната анкета за урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбедат спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и задолжително носење на заштитна маска, марама или шал со кој ќе бидат покриени устата и носот на учесниците во јавната презентација и јавната анкета.

Општините односно општините во градот Скопје надлежни за спроведување на јавната презентација и јавната анкета за урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација се должни да поставаат соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учесниците во јавната презентација и јавната анкета.

Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од најмалку два метри, како и пред влезот на објектот.

Општините односно општините во градот Скопје се должни пред и после одржувањето на јавната презентација и јавната анкета да вршат превентивна дезинфекција во објектите и просториите каде се одржува јавната презентација и јавната анкета.

Општините односно општините во градот Скопје се должни и при спроведување на јавна презентација и јавна анкета на урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, во нивните објекти и простории, од страна на органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, да постапуваат согласно ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член.

Член 3

Државен комунален инспекторат ќе врши надзор и контрола над спроведување на одредбите од членот 2-б на оваа уредба со законска сила.

Член 4

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот на општината односно општината во градот Скопје, ако постапува спротивно на одредбите од член 2-б на оваа уредба со законска сила.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3704/1<br>5 мај 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1561.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/20), во член 2 во точката 1) зборовите „од приватниот сектор” се бришат.

Член 2

Во член 4 во ставот (1) зборовите „за месец јануари” се заменуваат со зборовите „во месец јануари”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„ (2) За користење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување од став (1) на овој член, работодавачот треба да ги исполни следните услови:

а) намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во месец април 2020 година, во месец мај 2020 или во месец јуни 2020 година, да изнесува повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година, а за работодавач кој е запишан во соодветен регистар (основан) по месец март 2019 година, вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за месец април 2020 година, месец мај 2020 и месец јуни 2020 година да се помали за најмалку 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои непроизлегуваат од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година. За работодавачот кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за последниот сезонски период од четири месеци споредено со просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите четири месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%;

б) бројот на вработени кај работодавачот кој побарува финансиска поддршка, земајќи ги во предвид и вработените преку приватна агенција за вработување за времетраење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно оваа уредба со законска сила и два месеци по нејзиното престанување (заклучно со месец август 2020 година), во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, да не е намален, освен заради:

1. пензионирање и смрт на работник;
2. откажување на договорот за вработување од страна на работникот;
3. откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;
4. спогодбено преземање на работник;
5. престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и
6. престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.“

в) вкупниот број на вработени кај работодавачот-корисник на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, согласно точката б) на овој став, да не е намален заклучно со месец август 2020 година, за повеќе од:

- 15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел субвенција;
- 10% кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел субвенција и
- 5% кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел субвенција и

г) да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН образец) на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, до денот на исплатата на платата за месец јуни 2020 година.”

Член 3

Во член 5 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Субвенционирање на износот за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно оваа уредба со законска сила, не може да се оствари доколку работодавачот користи финансиска поддршка заради исплата на плати во износ од најмногу 14.500 денари месечно по работник за месеците април и мај 2020 година согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година, освен работодавачите кои ги вршат дејностите наведени согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2: угостителска дејност (шифра 56 – дејности за подготовка и служење на храна), туризам (шифра 79 – туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55 – објекти за сместување) и транспорт (шифра 49 – копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50 – воден транспорт, шифра 51 – воздухопловен транспорт и шифра 52 – складирање и помошни дејности во превозот) кој за 2018 и 2019 година немаат искажано загуба после оданочување и немаат неплатени јавни давачки (данок на додадена вредност, данок на добивка, данок на личен доход, придонеси од задолжително социјално осигурување, како и акцизи и царини) согласно со објавената Листата на должници на доспеани и неплатени долгови бр. 03/2020 објавена на веб страната на Управата за јавни приходи и заклучно со 29.2.2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно податоците за задолженост од соодветен регистар/биро“.

Член 4

Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на оваа уредба со законска сила.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3708/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување

**БС-ПЗСО**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум и број на прием

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

### А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице

☐ Работодавач - Самовработено лице (само за себе или за своите вработени)

### Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА

☐ Април 2020

☐ Мај 2020

☐ Јуни 2020

### В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

☐ а) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во месецот за кој барам субвенционирање се намалени за повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година

☐ б) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за месецот за кој барам субвенционирање се намалени за повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година, а сум запишан во соодветен регистар по месец март 2019

☐ в) Просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател за последниот сезонски период од четири месеци споредено со просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите четири месеци во претходната година се намалени за повеќе од 30%

☐ г) Бројот на вработени, земајќи ги во предвид и вработените преку приватна агенција за вработување за времетраење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување заклучно со месец август 2020, во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, нема да го намалам, освен заради причините од член 4 став (2) точка б) од уредбата поради кои бројот на вработени нема да го намалам за повеќе од 5%, 10%, односно 15% согласно условите дефинирани во Уредбата

☐ д) Нема да исплатам дивиденда на сопствениците и нема да вршам исплата по основ на наградa за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во МПИН образецот на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, до денот исплатата на платата за месец јуни 2020 година

☐ ѓ) За вработените за кои ќе користам субвенција согласно оваа уредба истовремено нема да користам субвенционирање согласно Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата

☐ е) Како работодавач кој не врши угостителска дејност или туризам или транспорт, за вработените за кои ќе користам субвенција согласно оваа уредба, нема да користам финансиска поддршка заради исплата на плати согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**БС-ПЗСО**

Врз основа на Уредбата со Законска сила за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, за остварување на правото работодавачот поднесува Барање за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 5 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле согласно формата преку која ја врши својата дејност. Доколку е регистриран како трговско друштво одбира работодавач - правно лице, доколку е регистриран како физичко лице кое врши самостојна дејност одбира работодавач - самовработено лице.

**Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА** - се одбира само еден од понудените месеци за кој бара субвенција за кој ги исполнува условите.

**В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

- Барателот работодавач - самовработено лице доколку дејноста ја врши сам односно нема вработени, ги означува полињата **а)** и/или **б)**, и/или **в)**
- Барателот работодавач - самовработено лице кое покрај себе вработува и други лица т.е има вработени ги означува полињата **а)** и/или **б)**, и/или **в), г), ѓ)**, и **е)**
- Барателот работодавач - правно лице ги означува **а)** и/или **б)**, и/или **в)**, **г)**, **д)**, **ѓ)**, и **е)**

**Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Барателот изјавува дека под целосна материјална и казнена одговорност сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

**1562.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), во член 1 во ставот 2 по зборот „учениците“ се става запирка и се додаваат зборовите „како и за ослободување од полагање на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби, на учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година и за продолжување на мандатот на органите за управување и раководење со средните училишта.“

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Член 2-а

Во учебната 2019/2020 година, наставната година во средните училишта за учениците ќе заврши на 10 јуни 2020 година, а за учениците од завршните години во средното образование ќе заврши на 19 мај 2020 година, преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.“

Член 3

По членот 3 се додаваат три нови члена 3-а, 3-б и 3-в, кои гласат:

„Член 3-а

Учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година се ослободуваат од полагањето на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби.

На учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година, кои во рокот утврден во подзаконските акти со кои се пропишува начинот на полагање на државната матура, училишната матура, завршниот испит со тригодишно траење, односно завршниот испит со четиригодишно траење, се пријавиле за полагање на испитите за државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење, училиштето им издава диплома за завршено средно образование.

Учениците кои во претходните учебни години положиле испити од училишна матура или завршен испит со четиригодишно траење и се пријавиле за полагање на испитите за државна матура во учебната 2019/2020 година, за истите се организира полагање на испитите за државна матура.

Учениците кои во претходните учебни години започнале со полагање на испити од државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење или завршен испит со четиригодишно траење, но не ги положиле и се пријавиле за повторно полагање во учебната 2019/2020 година, за истите се организира полагање на испитите за државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење или завршен испит со четиригодишно траење.

Дипломата од ставот 2 на овој член се издава само во учебната 2019/2020 година.

Член 3-б

Дипломата од член 3-а став 2 од оваа уредба со законска сила, има иста важност како и дипломата за положена државна матура, дипломата за положена училишна матура, дипломата за положен завршен испит со тригодишно траење и дипломата за положен завршен испит со четиригодишно траење, издадени до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Член 3-в

Мандатот на органите на управување и раководење со средните училишта, кој истекол или истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба и за 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Средното училиште постапката за избор на органите од ставот 1 на овој член, ќе ја започне, а за започнатите ќе ја продолжи, во рок од 30 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.“

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3714/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1563.**

Врз основа на член 95 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија” бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈА V-ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ**

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2790/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1564.**

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2019 година, со број 01-110/1 од 10.04.2020 година, донесен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3063/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1565.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА НУ МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ-СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Македонска опера и балет - Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/17).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3073/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1566.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи бр. 09-1394/1 од 14.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3155/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

__________

**1567.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ОПШТИНА ВИНИЦА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Виница бр. 09-1393/1 од 14.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-3155/2
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1568.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Дирекција за заштита и спасување бр. 09-1395/1 од 14.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-3155/3
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1569.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Шуто Оризари бр. 09-1392/1 од 14.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3155/4
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1570.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДОЛОМИТИ И ДОЛОМИТИЗИРАНИ ВАРОВНИЦИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БИГОР ДОЛЕНИЦИ“, ОПШТИНА КИЧЕВО**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - доломити и доломитизирани варовници на локалитетот „Бигор Доленици“, Општина Кичево, бр. 24-5573/1 од 13.11.2014 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3661/1
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1571.**

Врз основа на член 6 од Уредбата со законска сила за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТА НА СРЕДСТВА НА СМЕТКАТА ЗА ДОНАЦИЈА НА ФОНДОТ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID - 19**

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на уплата на средства на сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19.

Член 2

Правните или физичките лица (даватели на донација) вршат уплата на парични средства на сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19, која е објавена на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

Доколку давателите на донација од ставот 1 на овој член сакаат да остварат даночно поттикнување за донација во финансиски средства согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба („Службен весник на Репулика Северна Македонија“ бр. 103/20) и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“, број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), задолжително склучуваат договор за донација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (како примател на донацијата).

Секоја уплата на парични средства од страна на правни лица во сопственост на државата кои не се: буџетски корисници, единици на локалната самоуправа и Град Скопје и јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, се врши согласно одлуката донесена од страна на органот на управување на правното лице (како давател на донација), врз основа на која се врши уплата на парични средства на сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3662/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1572.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. ЧЕГРАНЕ - ГОСТИВАР“, ОПШТИНА ГОСТИВАР**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „с. Чегране - Гостивар“, Општина Гостивар, бр. 24-3986/8 од 30.11.2018 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги БЕТОН ГРУП ДООЕЛ с.Боговиње, Боговиње на локалитетот „с. Чегране - Гостивар“, Општина Гостивар бр.44-8826/1 од 13.11.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 213/18).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3678/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1573.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – РУДИ НА ЖЕЛЕЗО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ТАЈМИШТЕ“, ОПШТИНА КИЧЕВО**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на железо на локалитетот „Тајмиште“, Општина Кичево, бр. 24-227/9 од 21.7.2014 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на железо на локалитетот „Тајмиште“, Општина Кичево, бр. 42-273/1 од 22.1.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/14).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3680/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1574.**

Врз основа на член 95 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ШАР ПЛАНИНА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈА II - НАЦИОНАЛЕН ПАРК**

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3707/1
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1575.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта - како предлагач на експропријацијата, да му се предаде во владение недвижност која претставува:

1. Земјоделско земјиште КП бр. 2849/1 КО Блаце Кале, со површина од 1780 м2, запишана во Имотен лист бр.260, согласно Решението за експропријација Убр.25-25/20-2 од 28.2.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи – Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

2. Земјоделско земјиште КП бр. 2860 КО Блаце Кале, со површина од 1981 м2, запишана во Имотен лист бр.262, согласно Решението за експропријација Убр.25-42/20-2 од 28.2.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи – Одделение за првостепена управна постапка во Чаир-Скопје.

3. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 2818 КО Блаце Кале, со површина од 36 м2 и земјоделско земјиште дел од КП бр. 2799 КО Блаце Кале, со површина од 1221 м2, запишани во Имотен лист бр.154, согласно Решението за експропријација Убр.25-40/20-2 од 16.3.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи – Одделение за првостепена управна постапка во Чаир - Скопје.

4. Земјоделско земјиште КП бр. 2779/4 КО Блаце Кале, со површина од 1770 м2 и земјоделско земјиште дел од КП бр. 2779/3 КО Блаце Кале, со површина од 880 м2, запишани во Имотен лист бр.429, согласно Решението за експропријација Убр.25-54/20-2 од 28.4.2020 година на Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи – Одделение за првостепена управна постапка во Чаир - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3709/1
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1576.**

Врз основа на член 9-а став 6 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се остапуват, без надомест, нафтени деривати на Општина Кичево и тоа:

- Еуродизел БС 180.000 литри

Нафтените деривати од став 1 од овој член се остапуваат на Општина Кичево за потребите на ЈП Комуналец – Кичево за покривање на трошоци за транспортирање на отпад.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на остапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука, паѓаат на товар на Општина Кичево.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3711/1 Претседател на Владата
5 мај 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**1577.**

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 14/20), министерот за одбрана донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/20), во членот 2 во воведната реченица, зборовите „кој работи како здравствен работник или здравствен соработник, кој извршува должности во превентивната, примарната и специјалистичко- консултативна здравствена дејност,” се заменуваат со зборовите „кој извршува должности или работи како здравствен работник и здравствен соработник”.

Во членот 2 се додава нов став (2), кој гласи:

„Под медицински персонал од ставот (1) на овој член, се подразбира и воен и цивилен персонал на служба во Армијата - здравствен работник или здравствен соработник, упатен на стручно оспособување и усовршување за потребите на службата (специјализација).”

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-2273/1
29 април 2020 година Министер за одбрана,
Скопје **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1578.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/2018) и член 41 и 42 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/17 и 83/2018), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

1. За судија на Апелационен суд Скопје е избрана:
- Лидија Зимбовска– судија на Основен кривичен суд Скопје.

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-315/2 Судски совет на Република
10 февруари 2020 година Северна Македонија
Скопје Претседател,
**Киро Здравев** с.р.

**1579.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/2018) и член 41 и 42 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/17 и 83/2018), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 10.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

1. За судија на Апелационен суд Скопје е избран:
- Ѓоко Ристов – судија на Основен кривичен суд Скопје.

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-315/3 Судски совет на Република
10 февруари 2020 година Северна Македонија
Скопје Претседател,
**Киро Здравев** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1580.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16, 58/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 69/20 ), во точка 2 во тарифниот број 20.20 зборовите: „500 денари“, се заменуваат со зборовите:„Без надоместок“.

Видот на услуга „22 Паушални трошоци“, како и тарифните броеви: „22.1. Паушални трошоци за водење постапка за посредување – 1.000 денари“ и „22.2. Паушални трошоци за водење прекршочна постапка – 1.000 денари“, се бришат.

2. Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/VI-3/2020
28 април 2020 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

**1581.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 68 став 1 точка 2 и член 69 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК**

1. Во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20) во точката 58-б, по ставот 4, се додава нов став 5 којшто гласи:

„Одредбите од оваа точка се однесуваат и на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „А“, „Б“ или „В“ којашто е одобрена во периодот од 1 до 24 март 2020 година.“

2. Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/VI-4/2020
28 април 2020 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

**1582.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15, 218/16 и 221/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19) во точката 6 потточка 12) во ставот 3 се додава нова алинеја 3 којашто гласи:

„- Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;“

Алинејата 3 станува алинеја 4.

2. Во точката 51 ставот 2 се менува и гласи:

„Банката е должна да ги применува пондерите на ризичност од точката 50 од оваа одлука на побарувањата од сите останати јавни институции во Република Северна Македонија.“

3. Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/VI-5/2020
28 април 2020 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**1583.**

Врз основа на член 75, став (2) и (4), член 80, член 95, став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/2019) и член 107, став (2) и (4), член 114, став (6) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 29.4.2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА МАРКЕТИНГ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/2013, 182/2014, 221/2015, 166/2016, 9/2019 и 41/2019) во член 7-б по зборот: „форма“ се додаваат зборовите: „освен аудио-материјали“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-411/5
29 април 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

**Цената на овој број е 90 денари.**

ISSN 0354-1622

2020116